Врз основа на член 383 и член 384 од Законот за трговските друштва, а во согласност со член 60 од Статутот на Друштвото за производство на облека и конфекција Герас Цунев а.д. - Струмица, Одборот на директори на друштвото објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Друштвото за производство на облека и конфекција ГЕРАС ЦУНЕВ а.д. Струмица, со седиште на ул. Гоце Делчев бр. 50 во Струмица на ден 21.06.2019 год. со пчеток во 10 часот ќе одржи ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ во просториите на друштвото на ул. Гоце Делчев бр. 50 во Струмица со следниот

**ДНЕВЕН РЕД :**

**I.ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:**

1. Отварање на собранието
2. Избор на работни тела на собранието
   - избор на Претседавач на собранието
   - избор на бројач на гласови
   - избор на записничар

**II. РАБОТЕН ДЕЛ ДЕЛ:**

1. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата на друштвото за период од 2018 година.
2. Разгледување и усвојување на годишната сметка на друштвото за период од 01.01. - 31.12.2018 година.
3. Одобрување на ревидираниот финансиски извештај за работењето на друштвото за период од 01.01. - 31.12.2018 година.
4. Донесување на Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на Одборот на директори на друштвото.
5. Донесување на Одлука за отповикување и избор на член на Одборот на директори на друштвото.
6. Донесување на Одлука за преадаптација и пренамена на деловни објекти на друштвото.
7. Донесување на Одлука за задолжување на друштвото со кредит со ставање на имот под хипотека.
8. Донесување Одлука за отуѓување на имот и Одлука за купување имот.
9. Донесување Одлука за декотизација на македонската берза кога за тоа ќе се створат услови.
10. Донесување Одлука за преобразба на друштвото од акционерско друштво во друштво со ограничена одговорност.
11. Донесување на Одлука за назначување на овластен Ревизор за ревизија на годишната сметка и финансискиот извештај за 2019 година.

Право на учество во работата и одлучувањето на собрание на акционери имаат сите акционери кои се евидентирани во Акционерската книга, односно со полномошно заверено кај Нотар.

Акционерите или нивните полномошници се должни своето учество да го пријават најкасно пред почетокот на седницата на собранието.

Материјалите за работа на Собрание на акционери се достапни на официјалната интернет страница на Конфекција Герас Цунев а.д. Струмица и во просториите на друштвото десет дена пред одржувањето на Собранието на акционери на ул. Гоце Делчев бр. 50 од 11-13 часот.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
КОНФЕКЦИЈА ГЕРАС ЦУНЕВ А.Д.
СТРУМИЦА